Анализа

за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на Јавните здравствени установи за период јануари-март 2017 година

мај, 2017 година

ВОВЕД

Фондот за здравствено осигурување на Македонија е основан согласно Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 , 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012 и 65/2012) како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да превзема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Согласно членот 69-а од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.65/2012 пречистен текст), Акциониот план на ФЗОМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до ЈЗУ, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Месечните извештаи здравствените установи ги доставуваат до Министерството за здравство и до Фондот, а Фондот изготвува збирни извештаи кои ги доставува до Министерството за здравство, Министерството за финансии и до УО на Фондот и ги објавува на својата веб страница.

Месечните извештаи за Фондот и за ЈЗУ се изготвуваат врз база на утврдените обрасци.

Во 2005 година врз основа на овие обрасци се започна со известување на буџетска основа за финансиското работење на Фондот и седум пилот јавни здравствени установи.

Во 2006 година месечни извештаи доставуваат сите јавни здравствени установи.

Фондот изготвува квартални извештаи со анализа за структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа за дозначените средства од Фондот до здравствените установи, за потрошените лекови и медицински материјали кај ЈЗУ, за вкупните обврски и нивната достасаност за плаќање, за состојбата на залихите кај ЈЗУ и друго.

Анализата на финансиските податоци за Фондот и ЈЗУ се доставува на користење на Министерството за здравство и Министерството за финансии и се објавува на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување.

РЕЗИМЕ:

ПРИХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-март 2017 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни приходи во износ од 6.993.985 илјади денари кои во однос на планот за истиот период се повеќе остварени за 9,75%. Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-март 2017 година се остварени над планираните, со исклучок на приходите од придонес за задолжително здравствено осигурување на невработени лица и останатите неданочни приходи кои се остварени под планираното за истиот период.

Структурата на приходите е следната:

-даночни приходи- приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци	50,47%
-приходи од придонеси од корисници на пензии	24,11%
-Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	13,77%
-неданочни приходи (партиципација, конвенции и останати)	1,95%
-придонеси на корисници на права од социјална заштита	0.46%
-трансфери од Министерство за труд (породилно)	8,99%
-приходи од Агенцијата за вработување	0,26%

РАСХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-март 2017 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни расходи во износ од 6.892.596 илјади денари кои во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 25.58% и во вкупен износ се над планираното за истиот период за 2,3%.

Структурата на расходите е следната:

-здравствени услуги	87,6%
-надоместоци	10,8%
-административни (фунционални) расходи	1,6%

МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОМ ДО ЈЗУ

Заклучно со 31.03.2017 година одобрениот износ на средства на јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги средства е во висина од 3.899.047.075 денари, односно 27.23% од вкупните надоместоци на ЈЗУ за 2017 година.

ПРИХОДИ НА ЈЗУ

Во периодот јануари-март 2017 години ЈЗУ остариле вкупни приходи во износ од 4.578.402 илјади денари од кои: приходи од ФЗОМ (85.2%), сопствени приходи (14.5%) и приходи од донации (0.3%).

РАСХОДИ НА ЈЗУ

Вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за периодот јануари-март 2017 година изнесуваат 4.510.642 илјади денари. Структурата на платените средства за расходи е следната:

-плати и надоместоци	49.2%
-материјали и ситен инвентар	28,4%
-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	7,7%
-останати расходи	14,7%

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во периодот јануари-март 2017 година потрошените средства за лекови и медицински материјали изнесуваат 962.692 илјади денари.

Потрошените средства за лекови и медицински материјали споредени со истиот период од 2016 година (износ 921.939 илјади денари) бележат зголемување од 4,42%.

ОБВРСКИ НА ЈЗУ

Вкупните обврски на Јавните здравствени установи на 31.03.2017 година изнесуваат 4.308.278 илјади денари, кои споредени со состојбата на 31.03.2016 година (износ 4.198.819 илјади денари) зголемени за 2,6%.

ДОЛГОВИ НА ЈЗУ

Вкупните долгови на ЈЗУ на 31.03.2017 година изнесуваат 3.101.872 илјади денари и во споредба со состојбата од 31.01.2017 (износ 3.119.255 илјади денари) се на приближно исто ниво.

Најголемо намалување на долговите во месец март во однос на состојбата во м.февруари има кај следните ЈЗУ:

1	*ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје*	*-23.801*	*илјада денари*
2	*Завод за нефрологија-Струга*	*-10.144*	*илјада денари*
3	*Медицински факултет-Институти-Скопје*	*-9.779*	*илјада денари*

Најголем пораст на долговите споредбено во м.март во однос на м.февруари има во следните ЈЗУ:

1	*Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје*	*36.383*	*илјада денари*
2	*ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија*	*7.753*	*илјада денари*
3	*Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје*	*7.645*	*илјада денари*

Финансиски податоци
на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

1. Приходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Остварени вкупни приходи

Во периодот јануари-март 2017 година во Фондот се остварени приходи во износ од 6.993.985 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 2.331.328 илјади денари.

Остварените приходи за периодот јануари-март 2017 година споредени со остварените приходи за истиот период во 2016 година (износ 6.860.674 илјади денари) се зголемени за 1.9%.

Планирани приходи


Планираните вкупни приходи за периодот јануари-март 2017 година изнесуваат 6.372.681 илјади денари или просечно месечно 2.124.227 илјада денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените приходи се поголеми за 9,75%.

Вкупни приходи јануари-март 2017/2016 во (000) денари

Опис	Остварено јануари-март 2016 година	Буџет 2017 година	Остварено јануари-март 2017	% на остварени приходи во периодот јануари-март 2017 во однос на буџетот 2017 година	% на остварени приходи јануари-март 2017/2016
Вкупен приход	6.860.674	26.947.054	6.993.985	25,95%	101,94%

Графички приказ на вкупни приходи за период јануари-март 2017/2016 година

во (000) денари



Движење на вкупните приходи за период јануари-март 2017 година

во (000) денари

месец	**план**	**остварено**	**% на остварување**
јануари	1.927.914	2.263.621	117,41%
февруари	2.198.018	2.201.508	100,16%
март	2.246.748	2.528.856	112,56%
вкупно	**6.372.681**	**6.993.985**	**109,75%**

Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-март 2017 година се остварени над планираните, со исклучок на приходите од придонес за задолжително здравствено осигурување на невработени лица и останатите неданочни приходи кои се остварени под планираното за истиот период.

Структура на остварени приходи јануари-март 2017 година **(во 000 денари)**

сметка	приход	Остварено јануари-март 2016 година	Буџет 2017 година	Остварено јануари-март 2017 година	% на остварување во однос на буџетот 2017 година	% на остварување 2017/2016	% на учество во вкупните приходи
	ВКУПНО:	**6.860.674**	**26.947.054**	**6.993.985**	**25,95%**	**101,94%**	**100%**
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**5.931.295**	**23.993.804**	**6.229.150**	**25,96%**	**105,02%**	**89,06%**
712	**Придонеси од плати за социјални фондови**	**5.931.295**	**23.993.804**	**6.229.150**	**25,96%**	**105,02%**	**89,06%**
7122	Придонеси од бруто плати и надоместоци	3.300.239	14.767.000	3.530.086	23,91%	106,96%	50,47%
712511	Придонеси од АВРМ	26.308	88.505	18.003	20,34%	68,43%	0,26%
712512	Приход од ПИОМ	1.676.433	6.658.000	1.686.016	25,32%	100,57%	24,11%
712513	Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	896.787	2.353.549	963.104	40,92%	107,39%	13,77%
712514	Приходи од МТСП (придонес)	31.528	126.750	31.941	25,20%	101,31%	0,46%
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**149.886**	**550.000**	**136.272**	**24,78%**	**90,92%**	**1,95%**
725	**Други неданочни приходи**	**149.886**	550.000	136.272	24,78%	90,92%	1,95%
725946	Приход од Партиципација	103.594	400.000	110.022	27,51%	106,20%	1,57%
725	Други приходи	46.292	150.000	26.250	17,50%	56,71%	0,38%
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**779.493**	**2.403.250**	**628.563**	**26,15%**	**80,64%**	**8,99%**
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	**779.493**	**2.403.250**	**628.563**	**26,15%**	**80,64%**	**8,99%**
741111	Приходи од МТСП (породилни)	779.493	2.403.250	628.563	26,15%	80,64%	8,99%

Графички приказ на структурата на остварените приходи во периодот јануари-март 2017 година



1. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

(во 000 денари)

приходи	Остварено јануари-март 2016 година	јануари-март 2017 година			% на остварување 2017/2016 година	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот		
Придонеси од бруто плати и надоместоци	3.300.239	3.325.849	3.530.086	106,14%	106,96%	56,67%
Придонеси од АВРМ	26.308	22.126	18.003	81,36%	68,43%	0,29%
Приход од ПИОМ	1.676.433	1.664.500	1.686.016	101,29%	100,57%	27,07%
Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	896.787	588.387	963.104	163,69%	107,39%	15,46%
Приходи од МТСП (придонес)	31.528	31.688	31.941	100,80%	101,31%	0,51%
Вкупно:	**5.931.295**	**5.632.550**	**6.229.150**	**110,59%**	**105,02%**	**100%**

1. Приходи од придонеси од бруто плати на вработените


Во структурата на приходи од придонеси од бруто плати на вработените се вклучени:

- придонеси од задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработените кај правните субјекти;
- придонеси за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;
- придонеси од задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаават со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов;
- придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници;
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;
- придонес за здравствено осигурување за изминати години

Овие приходи учествуваат со 50.5% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-март 2017 година.

Во периодот јануари-март 2017 година, приходите од придонеси од бруто плати на вработените се остварени во износ од 3.530.086 илјади денари и се со процент на остварување од 23,9% во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2016 година бележат зголемување од 6.96%.
Динамиката на остварување на овие приходи по месеци во периодот јануари-март 2017 година е нерамномерна и е над планираното за истиот период за 6.1%.

Графички приказ на планирани и остварени приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци за период јануари-март 2017 година (во илјада денари)



2. Придонеси од корисници на пензии

Во периодот јануари-март 2017 година, приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 1.686.016 илјади денари со индекс на остварување од 25,32 во однос на годишниот план.
Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-март 2017 година, овие приходи учествуваат со 24,11%.
Овие приходи споредени со истиот период од 2016 година (износ 1.676.433 илјада денари) бележат зголемување од 0,6%.
Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните за истиот период се поголеми за 1,3%.
Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2017 година е со нерамномерна месечна уплата.


3. Приходи од Министерство за здравство

Во периодот јануари-март 2017 година, од приходите од М3 (придонеси за неосигурени лица) се добиени средства во висина од 963.104 илјади денари што во однос на годишниот план е процент на остварување од 40,9%.
Овие приходи во структурата на вкупно остварените приходи учествуваат со 13,8%.

4. Придонеси на корисници на права од социјална заштита

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-март 2017 година учествуваат со 0,46%.
Овие приходи за периодот јануари-март 2017 година се остварени во вкупен износ од 31.941 илјади денари, и со процент на остварување од 25,2% во однос на годишниот план.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените даночни приходи за период јануари-март 2017 година (во илјада денари)



2. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ


Во структурата на други неданочни приходи се вклучени:
- приходи од наплатена партиципација
- приходи по конвенции
- и други неданочни приходи

(во 000 денари)

приход	Остварено јануари-март 2016 година	Јануари-март 2017 година			% на остварување јануари-март 2017/2016	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување		
➢ **Приходи од партиципација**	103.594	101.818	110.022	108,06%	106,20%	80,74%
➢ **Останати неданочни приходи**	46.292	37.500	26.250	70,00%	56,71%	19,26%
Вкупно	**149.886**	**139.318**	**136.272**	**97,81%**	**90,92%**	**100%**

Овие приходи учествуваат со 1.95% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-март 2017 година.
Во периодот јануари-март 2017 година овие приходи се остварени во износ од 136.272 илјади денари и индекс на остварување од 24.8 во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2016 година бележат намалување од 9,1%, што е резултат на помалку остварените останати неданочни приходи.
Во периодот јануари-март 2017 година приходите од партиципација се остварени во износ од 110.022 илјади денари и имаат индекс на остварување 27,5 во однос на годишниот план.
Останатите неданочни приходи во периодот јануари-март 2017 година се остварени во износ од 26.250 илјади денари и во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 17.5%.
Динамиката на месечното остварување на оваа група на приходи е нерамномерна и под планираното во вкупен износ.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените неданочни приходи во периодот јануари-март 2017 година (во илјада денари)



3. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ

Приходи од МТСП (породилни)-Во периодот јануари-март 2017 година од Министерство за труд и социјална политика по основ на породилни боледувања се добиени средства во висина од 628.563 илјади денари, што во однос на годишниот план е остварување од 26,2%.

Пренесени приходи од претходна година - Преставуваат нераспоредени средства затекнати на сметката на 31.12.2016 година во износ од 589.164 илјади денари, кои се пренесени како приход за наредна година.

Состојба на паричните средства на сметката на Фондот

На 31.03.2017 година состојбата на сметката и благајната изнесува 690.559 илјади денари.

2 Расходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Остварени вкупни расходи

Во периодот јануари-март 2017 расходите се остварени во износ од 6.892.596 илјади денари, што претставува просечен месечен расход од 2.297.532 илјади денари.

Остварените расходи за периодот јануари-март 2017 година споредени со остварените расходи за истиот период од 2016 година (износ 6.560.054 илјади денари) бележат зголемување од 5.07%.

Планирани расходи

Планираните вкупни расходи во периодот јануари-март 2017 година изнесуваат 6.736.764 илјади денари или просечно месечно 2.245.588 илјади денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените расходи се поголеми за 2,3%.

Вкупни расходи јануари-март 2017/2016 (во 000 денари)

Опис	остварено јан-март 2016 година	буџет 2017 година	Остварено јан-март 2017 година	% ост /план	% на остварување 2017/2016
Вкупен расход	6.560.054	26.947.054	6.892.596	25,58%	105,07%

Графички приказ на вкупни расходи за период јануари-март 2017/2016




Движење на вкупните расходи за период јануари-март 2017 година (во 000 денари)

месец	план	остварено	% на остварување
јануари	2.245.588	2.340.765	104,24%
февруари	2.245.588	2.338.007	104,12%
март	2.245.588	2.213.824	98,59%
вкупно	**6.736.764**	**6.892.596**	**102,31%**

Структура на расходите

Структурата на расходите ја сочинуваат:

1. Здравствена дејност и осигурување (98.33%)
2. Функционални расходи на Фондот (1.67%)



1.Здравствена дејност и осигурување

Во расходите за здравствена дејност и осигурување се вклучени:

- здравствени услуги и
- надоместоци

Расходи за здравствена дејност и осигурување во периодот јануари-март 2017/2016

(во 000 денари)


Опис	остварено јануари-март 2016 година	Јан-март 2017			% 2017 /2016
		планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ Здравствени услуги	5.765.316	5.869.382	6.036.284	102,84%	104,70%
➢ Надоместоци	691.058	725.000	741.508	102,28%	107,30%
Вкупно	**6.456.374**	**6.594.382**	**6.777.792**	**102,78%**	**104,98%**

Во структурата на вкупните расходи за периодот јануари-март 2017 година, најголемо учество имаат расходите за плаќање на здравствените услуги на осигурените лица со 87,58 % или во вкупен износ од 6.036.284 илјади денари. Овие расходи во однос на годишниот план се остварени со 25,71%, додека споредени со истиот период од 2016 се повисоки за 4,7%.

Во структурата на вкупните остварени расходи во периодот јануари-март 2017 година, надоместоците имаат учество од 10,76% и 741.508 илјади денари. Во однос на планот за истиот период, надоместоците се остварени со 102,28% а истите споредени со истиот период од 2016 година се повеќе остварени за 7,3%.

Динамиката на остварување на расходите за здравствена дејност и осигурување по месеци е нерамномерна и е над планот, со исклучок на м.март 2017 година.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за здравствена дејност и осигурување јануари-март 2017 година (во илјада денари)



2. Расходи за функцијата на Фондот

Расходите за функцијата на Фондот ја сочинуваат:

- плати и надоместоци
- стоки и услуги
- капитални расходи

Расходи за функцијата на Фондот јануари-март 2017 година **(во 000 денари)**

Опис	остварено јануари-март 2016	јан-март 2017			% 2017 /2016
		планирано	остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ **плати и надоместоци**	82.642	85.407	83.511	97,78%	101,05%
➢ **стоки и услуги**	20.007	43.514	28.030	64,42%	140,10%
➢ **субвенции и трансфери**	163	1.461	427	29,22%	261,96%
➢ **капитални расходи**	868	12.000	2.836	23,63%	326,73%
Вкупно	**103.680**	**142.382**	**114.804**	**80,63%**	**110,73%**

Во структурата на остварените вкупни расходи во периодот јануари-март 2017 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 1,67 % или во вкупен износ од 114.804 илјади денари. Овие расходи во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 19,4%, а споредени со истиот период од 2016 година бележат зголемување од 10,7%.
Расходите за плати и надоместоци во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 1,21% и се под планираното за истиот период.
Расходите за стоки и услуги во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,4%, во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 35,6% и бележат зголемување од 40,1% во споредба со истиот период од 2016 година.
Капитални расходи за период јануари-март 2017 година имаат остварување од 2.836 илјади денари и во однос на истиот период во 2016 година бележат зголемување.

Динамиката на остварување на овие расходи на Фондот е нерамномерна во зависност од доспеаноста на обврските и под планот за истиот период.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за функцијата на Фондот јануари-март 2017 година (во илјада денари)



ФЗОМ

ИЗВЕШТАЈ

на месечен надоместок од ФЗОМ до ЈЗУ-2017 година

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2017 година (Седница на УО од 29.12.2016 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2017 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2017 година во однос на договорниот надоместок за 2017 година
1	Стоматолошки клинички центар	137.300.000	34.325.001	25,00%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	34.900.000	8.724.999	25,00%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	116.900.000	29.225.001	25,00%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	608.400.000	146.766.666	24,12%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	360.400.000	87.919.001	24,39%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	27.900.000	6.975.000	25,00%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	136.700.000	46.902.274	34,31%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	81.400.000	20.349.999	25,00%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	71.900.000	18.101.001	25,18%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	57.900.000	14.475.000	25,00%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	82.900.000	20.725.001	25,00%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	275.400.000	85.900.000	31,19%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	59.700.000	14.925.000	25,00%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	305.000.000	76.250.001	25,00%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	179.700.000	44.473.932	24,75%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	46.900.000	11.724.999	25,00%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	196.900.000	49.170.955	24,97%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	79.000.000	19.749.999	25,00%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	111.900.000	29.110.042	26,01%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	130.900.000	36.649.875	28,00%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	189.900.000	48.155.326	25,36%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	116.400.000	26.107.762	22,43%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	79.242.000	19.445.103	24,54%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	132.900.000	34.544.440	25,99%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	81.900.000	19.368.000	23,65%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	104.400.000	24.989.834	23,94%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	418.900.000	104.724.999	25,00%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	56.900.000	13.792.125	24,24%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	27.400.000	6.849.999	25,00%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	463.900.000	114.994.999	24,79%
31	Клиничка болница-Битола	611.200.000	176.154.995	28,82%
32	Општа болница-Гевгелија	96.200.000	24.050.001	25,00%
33	Општа болница-Гостивар	291.500.000	110.262.583	37,83%
34	Општа болница-Дебар	70.600.000	17.649.999	25,00%
35	Општа болница-Кавадарци	125.500.000	31.363.271	24,99%
36	Општа болница-Кичево	107.000.000	26.749.999	25,00%
37	Општа болница-Кочани	115.900.000	28.937.823	24,97%
38	Општа болница-Куманово	381.400.000	122.740.881	32,18%
39	Општа болница-Охрид	271.900.000	78.081.729	28,72%
40	Општа болница-Прилеп	378.500.000	92.456.648	24,43%
41	Општа болница-Струга	181.400.000	47.094.391	25,96%
42	Општа болница-Струмица	233.900.000	58.733.983	25,11%
43	Клиничка болница-Тетово	470.700.000	117.703.770	25,01%
44	Општа болница-Велес	228.400.000	65.295.369	28,59%
45	Клиничка болница-Штип	348.100.000	87.002.093	24,99%
46	Градска општа болница 8-ми септември	869.900.000	271.471.265	31,21%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	304.400.000	113.046.187	37,14%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	139.100.000	34.775.001	25,00%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	125.900.000	31.475.001	25,00%
50	Психијатриска болница-Скопје	192.400.000	48.099.999	25,00%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	127.500.000	31.875.000	25,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2017 година (Седница на УО од 29.12.2016 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2017 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2017 година во однос на договорниот надоместок за 2017 година
52	Психијатриска болница-Негорци	52.900.000	13.224.999	25,00%
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	30.900.000	7.725.000	25,00%
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	161.400.000	62.520.500	38,74%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	46.900.000	11.724.999	25,00%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	66.400.000	16.599.999	25,00%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	14.000.000	3.500.001	25,00%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	114.900.000	28.014.942	24,38%
59	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	21.900.000	5.475.000	25,00%
60	Геронтолошки завод-Скопје	86.900.000	21.725.001	25,00%
61	Завод за нефрологија-Струга	152.400.000	48.100.000	31,56%
62	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	23.400.000	5.850.000	25,00%
63	Здравствен дом-Битола	101.900.000	25.475.001	25,00%
64	Здравствен дом-Гевгелија	46.500.000	13.245.000	28,48%
65	Здравствен дом-Гостивар	85.900.000	21.474.999	25,00%
66	Здравствен дом-Дебар	21.500.000	5.375.001	25,00%
67	Здравствен дом-Кавадарци	42.000.000	10.500.000	25,00%
68	Здравствен дом-Кичево	38.150.000	9.537.501	25,00%
69	Здравствен дом-Кочани	26.500.000	6.624.999	25,00%
70	Здравствен дом-Крива Паланка	70.400.000	20.550.001	29,19%
71	Здравствен дом-Куманово	77.700.000	19.425.000	25,00%
72	Здравствен дом-Охрид	79.800.000	19.950.000	25,00%
73	Здравствен дом-Прилеп	102.500.000	28.415.001	27,72%
74	Здравствен дом-Струга	43.900.000	11.874.999	27,05%
75	Здравствен дом-Струмица	53.900.000	13.475.001	25,00%
76	Здравствен дом-Тетово	105.400.000	26.349.999	25,00%
77	Здравствен дом-Велес	57.900.000	14.475.000	25,00%
78	Здравствен дом-Штип	39.300.000	9.825.000	25,00%
79	Здравствен дом-Берово	28.100.000	7.025.001	25,00%
80	Здравствен дом-Македонски Брод	25.600.000	6.804.508	26,58%
81	Здравствен дом-Валандово	30.900.000	7.725.000	25,00%
82	Здравствен дом-Вевчани	40.600.000	10.149.999	25,00%
83	Здравствен дом-Виница	35.000.000	8.750.001	25,00%
84	Здравствен дом-Делчево	47.900.000	11.975.001	25,00%
85	Здравствен дом-Демир Хисар	27.500.000	6.875.001	25,00%
86	Здравствен дом-Кратово	28.100.000	7.025.001	25,00%
87	Здравствен дом-Крушево	24.100.000	6.024.999	25,00%
88	Здравствен дом-Неготино	54.400.000	13.599.999	25,00%
89	Здравствен дом-Пехчево	20.548.000	5.136.999	25,00%
90	Здравствен дом-Пробиштип	25.000.000	6.249.999	25,00%
91	Здравствен дом-Радовиш	35.800.000	8.949.999	25,00%
92	Здравствен дом-Ресен	44.000.000	11.000.001	25,00%
93	Здравствен дом-Ростуше	16.900.000	4.224.999	25,00%
94	Здравствен дом-Свети Николе	35.700.000	8.925.000	25,00%
95	Здравствен дом-Скопје	627.900.000	156.975.000	25,00%
96	Здравствен дом-Железничар	23.200.000	5.799.999	25,00%
97	Здравствена станица на Универзитетот Кирил и Методиј-Скопје	7.500.000	2.016.300	26,88%
98	Здравствена станица-Железара	29.400.000	7.350.000	25,00%
99	Медицински факултет-Институти-Скопје	173.900.000	43.475.001	25,00%
100	Институт за трансфузиона медицина на РМ	401.000.000	154.250.001	38,47%
101	Институт за јавно здравје на Република Македонија	50.900.000	18.395.001	36,14%
102	Центар за јавно здравје-Битола	25.500.000	6.375.000	25,00%
103	Центар за јавно здравје-Велес	22.000.000	5.499.999	25,00%
104	Центар за јавно здравје-Кочани	18.200.000	4.550.001	25,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2017 година (Седница на УО од 29.12.2016 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2017 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 31.03.2017 година во однос на договорниот надоместок за 2017 година
105	Центар за јавно здравје-Прилеп	21.000.000	5.250.000	25,00%
106	Центар за јавно здравје-Куманово	16.300.000	4.074.999	25,00%
107	Центар за јавно здравје-Скопје	48.900.000	12.225.000	25,00%
108	Центар за јавно здравје-Струмица	8.000.000	2.000.001	25,00%
109	Центар за јавно здравје-Тетово	23.900.000	5.975.001	25,00%
110	Центар за јавно здравје-Штип	14.600.000	3.650.001	25,00%
111	Центар за јавно здравје-Охрид	15.700.000	3.924.999	25,00%
112	Институт за Медицина на трудот на РМ	25.700.000	6.425.001	25,00%
113	Здравствена станица Липково	15.700.000	3.924.999	25,00%
114	Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на РМ	20.000.000	5.000.001	25,00%
	ВКУПНО:	**14.319.940.000**	**3.899.047.075**	**27,23%**

Финансиски податоци на Јавните здравствени установи

Приходи на Јавните здравствени установи

Приходите на ЈЗУ ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот,средствата од програмите за здравствена заштита, сопствените приходи и донации. Приходите на ЈЗУ во периодот јануари-март 2017 година се остварени во износ од 4.578.401.818 денари.

Одобрениот износ на средства од Фондот во периодот јануари-март 2017 година изнесува 3.899.047.075 и во структурата на вкупните приходи учествува со 85,2%.


Сопствените приходи (во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита) во периодот јануари-март 2017 година се остварени во вкупен износ од 664.492.341 денари и во структурата на вкупните приходи на ЈЗУ учествуваат со 14.5%, а во однос на планираниот годишен износ имаат процент на остварување од 21,8%.

Приходите од донации на ЈЗУ во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 14.862.402 денари, во однос на годишниот план имаат индекс на остварување од 30,6% и во структурата на вкупно остварените приходи имаат учество од 0,3%.


Структура на приходи јануари-март 2017 год во (000) денари

Приходи	остварено јануари-март 2016 година	планирани приходи 2017 година	приходи јануари-март 2017 година	% Ост /план	% 2017 /2016	% на учество во вкупните приходи јануари-март 2017
Приходи од ФЗОМ	3.710.945	14.319.940	3.899.047	27,23%	105,07%	85,16%
Сопствени приходи	648.727	3.046.279	664.492	21,81%	102,43%	14,51%
Приходи од донации	7.305	48.598	14.862	30,58%	203,46%	0,32%
Вкупно	**4.366.977**	**17.414.817**	**4.578.402**	**26,29%**	**104,84%**	**100%**

Графички приказ на структурата на приходите на ЈЗУ за период јануари-март 2017 година



Графички приказ на приходите на ЈЗУ јануари-март 2017/2016 година (во 000 денари)



Вкупно за сите ЈЗУ

ИЗВЕШТАЈ

за приходите на ЈЗУ за период 01.01.-31.03.2017 година

р. бр.	Конто	Опис	планиран годишен износ	јануари	февруари	март	Кумулатив	ост/план	% на учество во вкупните приходи
1	2	3	4	5	6	7	8	9 (8/4)	10
1		**Вкупно приходи (2+3+13):**	**17.414.817.390**	**1.662.131.260**	**1.479.914.194**	**1.436.356.364**	**4.578.401.818**	**26,29%**	**100,00%**
2		**Приходи од ФЗОМ:**	**14.319.940.000**	**1.481.284.788**	**1.235.742.273**	**1.182.020.014**	**3.899.047.075**	**27,23%**	**85,16%**
3		**Сопствени приходи (4-12):**	**3.046.279.097**	**178.047.585**	**237.780.258**	**248.664.498**	**664.492.341**	**21,81%**	**14,51%**
4	721	Претприемачки приход и приход од имот	21.708.000	45.685	103.496	0	**149.181**	**0,69%**	
5	723	Такси и надоместоци	1.448.218.604	94.394.654	117.169.004	133.846.301	**345.409.959**	**23,85%**	
6	724	Други владини услуги	7.980.000	0	0	0	**0**	**0,00%**	
7	725	Други неданочни приходи	954.830.660	68.744.523	83.489.187	100.137.004	**252.370.714**	**26,43%**	
8	731	Продажба на капитални средства	1.520.000	8.700	2.070	0	**10.770**	**0,71%**	
9	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	1.100.000	0	0	0	**0**	**0,00%**	
10	741	Трансфери од други нивоа на власт	573.596.833	14.854.023	37.016.501	14.662.403	**66.532.927**	**11,60%**	
11	742	Донации од странство	0	0	0	18.790	**18.790**		
12	771	Продажба на хартии од вредност	37.325.000	0	0	0	**0**	**0,00%**	
13		**Приходи од донации (14-19)**	**48.598.293**	**2.798.887**	**6.391.663**	**5.671.852**	**14.862.402**	**30,58%**	**0,32%**
14	723	Такси и надоместоци	0	**0**	**0**	**0**	**0**		
15	725	Други неданочни приходи	0	**1.370**	**600.000**	**219.489**	**820.859**		
16	741	Трансфери од други нивоа на власт	0	**600.000**	**0**	**0**	**600.000**		
17	742	Донации од странство	25.469.443	**878.573**	**4.077.663**	**994.452**	**5.950.688**	**23,36%**	
18	743	Капитални донации	593.871	**600.000**	**0**	**4.259.411**	**4.859.411**	**818,26%**	
19	744	Тековни донации	22.534.979	**718.944**	**1.714.000**	**198.500**	**2.631.444**	**11,68%**	

Салдо на крајот од претходниот месец:	507.497.936	645.247.090	629.424.359
Салдо на крај од тековниот месец:	645.247.090	629.424.359	575.254.867

ЗАБЕЛЕШКА:

* Податоците за приходите од табелата се добиени од трезорот на ФЗОМ и доставениот месечен извештај на Медицински факултет

** Во планираниот годишен износ на приходи не е вклучен годишниот план на приходи од сопствени средства и приходи од донации на Медицински факултет-Институти-Скопје

ПРЕГЛЕД

НА ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ НА ЈЗУ ЗА ПЕРИОД 01.01-31.03.2017 ГОДИНА

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени /планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
1	Стоматолошки клинички центар	202.600.908	34.325.001	11.657.591	0	45.982.592	22,70	17,85%	1,00%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	40.590.000	8.724.999	1.380.502		10.105.501	24,90	24,26%	0,22%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	177.784.000	29.225.001	14.394.707	0	43.619.708	24,54	23,80%	0,95%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	659.025.381	146.766.666	8.729.087	0	155.495.753	23,59	17,46%	3,40%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	403.900.000	87.919.001	9.821.387	1.109.222	98.849.610	24,47	23,38%	2,16%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	121.007.930	6.975.000	20.896.785		27.871.785	23,03	22,44%	0,61%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	158.700.000	46.902.274	4.032.916		50.935.190	32,10	18,33%	1,11%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	92.400.460	20.349.999	2.668.609	4.259.411	27.278.019	29,52	24,26%	0,60%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	84.893.062	18.101.001	3.887.817	600.000	22.588.818	26,61	29,92%	0,49%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	66.850.000	14.475.000	1.653.473	0	16.128.473	24,13	19,01%	0,35%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	88.400.000	20.725.001	1.412.137	0	22.137.138	25,04	25,68%	0,48%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	288.815.000	85.900.000	895.121	0	86.795.121	30,05	7,05%	1,90%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	71.155.317	14.925.000	956.362		15.881.362	22,32	8,89%	0,35%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	346.108.526	76.250.001	6.637.470	124.314	83.011.785	23,98	18,86%	1,81%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	214.733.526	44.473.932	5.793.911	231.060	50.498.903	23,52	16,55%	1,10%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	55.250.000	11.724.999	1.265.472		12.990.471	23,51	15,16%	0,28%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	220.393.871	49.170.955	3.417.490	0	52.588.445	23,86	14,60%	1,15%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	85.500.000	19.749.999	718.316		20.468.315	23,94	11,05%	0,45%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	125.790.000	29.110.042	1.649.554	600.000	31.359.596	24,93	20,91%	0,68%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	137.690.064	36.649.875	1.402.557	0	38.052.432	27,64	21,12%	0,83%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	209.260.000	48.155.326	2.459.255	1.000.000	51.614.581	24,67	13,66%	1,13%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	122.282.268	26.107.762	1.466.103		27.573.865	22,55	24,93%	0,60%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	94.242.000	19.445.103	4.223.457	0	23.668.560	25,11	30,17%	0,52%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	141.041.752	34.544.440	923.128	0	35.467.568	25,15	11,51%	0,77%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	98.621.771	19.368.000	3.787.200	0	23.155.200	23,48	23,67%	0,51%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	123.083.206	24.989.834	3.670.682	0	28.660.516	23,29	19,84%	0,63%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	458.900.000	104.724.999	20.722.101		125.447.100	27,34	51,81%	2,74%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	68.500.674	13.792.125	2.780.774		16.572.899	24,19	23,97%	0,36%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	35.728.004	6.849.999	503.552		7.353.551	20,58	15,83%	0,16%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	548.900.000	114.994.999	14.738.546	600.000	130.333.545	23,74	17,34%	2,85%

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени /планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
31	Клиничка болница-Битола	732.608.000	176.154.995	19.315.645	0	195.470.640	26,68	15,92%	4,27%
32	Општа болница-Гевгелија	109.880.000	24.050.001	2.918.269	0	26.968.270	24,54	21,33%	0,59%
33	Општа болница-Гостивар	336.284.139	110.262.583	8.215.473		118.478.056	35,23	18,67%	2,59%
34	Општа болница-Дебар	77.102.295	17.649.999	1.860.300		19.510.299	25,30	28,62%	0,43%
35	Општа болница-Кавадарци	142.300.000	31.363.271	4.485.581	0	35.848.852	25,19	27,35%	0,78%
36	Општа болница-Кичево	119.000.000	26.749.999	2.914.389		29.664.388	24,93	24,29%	0,65%
37	Општа болница-Кочани	133.924.977	28.937.823	4.554.992	0	33.492.815	25,01	25,55%	0,73%
38	Општа болница-Куманово	429.900.000	122.740.881	9.596.922		132.337.803	30,78	19,79%	2,89%
39	Општа болница-Охрид	321.900.000	78.081.729	8.183.157		86.264.886	26,80	16,37%	1,88%
40	Општа болница-Прилеп	441.500.000	92.456.648	10.597.371	0	103.054.019	23,34	17,66%	2,25%
41	Општа болница-Струга	205.400.000	47.094.391	4.820.564		51.914.955	25,28	20,09%	1,13%
42	Општа болница-Струмица	287.100.000	58.733.983	8.930.046	0	67.664.029	23,57	16,85%	1,48%
43	Клиничка болница-Тетово	612.671.953	117.703.770	18.790.151		136.493.921	22,28	25,92%	2,98%
44	Општа болница-Велес	268.900.232	65.295.369	7.247.001	0	72.542.370	26,98	17,89%	1,58%
45	Клиничка болница-Штип	416.517.994	87.002.093	13.882.772	591.923	101.476.788	24,36	21,69%	2,22%
46	Градска општа болница 8-ми септември	1.000.700.000	271.471.265	31.918.796	158.500	303.548.561	30,33	24,55%	6,63%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	335.000.000	113.046.187	6.232.773		119.278.960	35,61	20,37%	2,61%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	155.100.000	34.775.001	3.022.289		37.797.290	24,37	18,89%	0,83%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	145.434.315	31.475.001	2.403.478	242.550	34.121.029	23,46	15,02%	0,75%
50	Психијатриска болница-Скопје	230.500.000	48.099.999	9.278.724		57.378.723	24,89	24,35%	1,25%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	152.500.000	31.875.000	4.511.345		36.386.345	23,86	18,05%	0,79%
52	Психијатриска болница-Негорци	74.690.133	13.224.999	4.287.350		17.512.349	23,45	20,99%	0,38%
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	36.461.980	7.725.000	876.680		8.601.680	23,59	19,48%	0,19%
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	227.169.000	62.520.500	11.543.995		74.064.495	32,60	17,55%	1,62%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	84.100.000	11.724.999	1.937.728	2.711	13.665.438	16,25	6,25%	0,30%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	79.517.539	16.599.999	2.703.192		19.303.191	24,28	21,98%	0,42%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	14.087.458	3.500.001	12.110		3.512.111	24,93	14,25%	0,08%
